# PODARENI DELA

muzej na sovremena umetnost — skopje

podareni dela 26. juli 1965 — 26. juli 1966

публикацијава се издава по повод „средбата на солидарноста“ на 26 јули 1966

cette publication est éditée à l'occasion de „la rencontre de solidarité“ le 26 juillet 1966

Издавач — Музеј на современа уметност — Скопје * Редакциски Одбор — 1. АВРАМОВСКИ ДРАГУТИН — ГУТЕ, 2. АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА СОЊА, 3. ДАМЈАНОВСКА ЉУБИЦА, 4. КОНДОВСКИ ДИМИТАР, 5. ПЕТКОВСКИ БОРИС, 6. ПЕТРОВИЌ СТОЈАН, 7. СТАВРЕВ ДРАГОЉУБ, 8. УРОШЕВИЌ ВЛАДО * Ликовна и техничка опрема — АВРАМОВСКИ ДРАГУТИН — ГУТЕ * Техн. изведба — КУЗМАНОВСКИ ДУШКО * Насловна страна — АВРАМОВСКИ ДРАГУТИН — ГУТЕ - Превод на Француски јазик — АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА СОЊА * Одговоен за издавачот — ПЕТКОВСКИ БОРИС * Фотографии — БИЛБИЛОВСКИ КИРО

БЕЛЕШКА — Во публикацијата се влезени подарените дела кои пристигнаа во Скопје заклучно со 31. V. 1966 година. Сите подароци што ќе пристигнат после овој датум ќе бидат публиковани во наредната година.

ПЕЧАТЕНО: Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.

Éditeur — Musée d'art contemporain, Skopje * Comité de rédaction — 1. AVRAMOVSKI DRAGUTIN — GUTE, 2. ABADŽIEVA DIMITROVA SONJA, 3. DAMJANOVSKA LJUBICA, 4. KONDOVSKI DIMITAR, 5. PETKOVSKI BORIS, 6. PETROVIĆ STOJAN, 7. STAVREV DRAGOLJUB, 8. UROŠEVIĆ VLADO * Arrangement artistique et technique du catalogue — AVRAMOVSKI DRAGUTIN — GUTE * Réalisation technique — KUZMANOVSKI DUŠKO * Couverture — AVRAMOVSKI DRAGUTIN — GUTE * Traduction en français — ABADŽIEVA DIMITROVA SONJA * Responsable pour l'éditeur — PETKOVSKI BORIS * Photographies — BILBILOVSKI KIRO.

NOTICE: Dans cette publication sont representées les oeuvres arrivées à Skopje le 31 mai 1966 inclus. Tous les dons arrivés après cette date seront publiés dans l'année suivante.

IMPRIMÉ dans l'Office graphique Goce Delčev, Skopje.

## *КАРАКТЕРОТ И ДЕЈНОСТА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ*

*Раѓањето на Музејот на современата уметност во Скопје претставува, со сите свои основни и суштински белези, дел од големата меѓународна подршка и солидарност укажани на Скопје после јулската катастрофа од 1963 година.*

*Непосредно после овој трагичен настан спонтано се родија желбите на некои југословенски и странски ликовни уметници да ја изразат својата солидарност и помош со подарување ликовни творби на разурнатиот град. Покрај некои поединечни манифестации од ваков карактер, ЈАЗУ, УЛУХ, „Вјесник у сриједу" и колекционерот Герхард Ледиќ, организираа заедничка акција меѓу ликовните уметници од Социјалистичка Република Хрватска, со која се добиени, уште во есента на 1963 год., над 100 подароци. Најголем досегашен индивидуален подарок, по бројот на подарените дела, добиени во годината на катастрофата, е подарокот на истакнатиот југословенски сликар Петар Лубарда.*

*Во октомври 1963 година во Њујорк се одржа IV конгрес на АИАП (Меѓународно здружение на пластичните уметности). Ова Здружение донесе одлука да им се упати апел на сите членови во целиот свет да придонесат со свои подароци за создавање во Скопје колекција од современи уметнички творби.*

*Овие настојувања градот Скопје ги разбра како основа за со нив да се пристапи кон формирање на установа што ќе обезбеди најдобро чување, прикажување и користење на добиените ликовни вредности. Со неколкумесечна работа на еден компетентен Иницијативен одбор испитани се можностите за основањето и е изградена начелната програма за карактерот и работата на Музејот на современата уметност во Скопје.*

*Оваа установа, на предлог на Иницијативниот одбор е основана од Градското собрание на Скопје на 12.П.1964 година. Со актот за основање е определено дека Музејот е установа што ќе работи на изградување висока визуелна култура во средината во која делува. Потоа, дека ќе настојува да ја следи, проучува и прикажува современата југословенска и светска ликовна и применета уметност и, напоредно, да изградува во сообразност со своите можности колекција на одбрани дела од овие области на човешкото творештво.*

### Досегашната дејност на Музејот

*Во досегашното свое делување Музејот на современата уметност во Скопје настојуваше во потполност да се сообразува со духот на своето раѓање. Установата посебна грижа им посвети на своите обврски спрема широката југословенска и меѓународна културна и ликовна јавност што го подржа и овозможи нејзиното создавање. Воедно, се сообразуваше и со ситуацијата, потребите и настојувањата на ликовниот живот во Скопје и во целата наша земја.*

*Некои од активностите што Музејот ги развиваше во изминатиот период беа зачнати веќе со делувањето на Иницијативниот одбор. Така ова тело приреди или учествуваше во организирање на неколку изложби на подарени дела, во Скопје, други места во земјата и во странство (Лондон и Брадфорд). Воспоставени се врски со низа дарители во земјата и надвор од неа и со редица организации, установи и поединци кај нас и во странство.*

*Во изминатиот период Музејот посебна грижа ѝ посвети на акцијата за подарување уметнички творби. Во овие настојувања основниот елемент беше потребата да се образложи создавањето на Музејот не како резултат на една каритативна акција, туку како израз на желбите и потребите на југословенската и странската ликовна јавност да се придонесе за повторната културна и уметничка обнова на Скопје.*

*За начинот и карактерот на своето основање, за белезите на своето делување, Музејот го извести АИАП и сите национални комитети на ова Здружение. Непосредно, за ова извести неколку стотини истакнати ликовни уметници од сите краишта на светот. Исто така е постапено со голем број сродни установи во земјата и во странство. Посредни и непосредни допири остварени се покрај со АИАП и со ИКОМ (Меѓународна организација на музеите) и со низа национални друштва на ликовни уметници.*

*Со овие допири и соработката што скоро редовно им следуваше, Музејот во Скопје постигна сериозни резултати.*

*Колекцијата на подароци на оваа установа содржи близу 1200 творби од 28 европски и воневропски земји. Покрај југословенската, најголеми се колекциите подароци добиени од Италија, Франција, Полска, Чехословачка, Унгарија, САД и СР Германија. Во нив се претставени одделни најпознати светски ликовни уметници. Оваа акција и натаму се одвива. Уметниците — дарители не се однесуваат спрема неа само како кон еден хуман акт: во неа, според нивните изјави, ја гледаат реализацијата на идеата да се создаде во средина со богата и разновидна културна и ликовна традиција и во град кој настојува да стане современ ликовен центар, можност за континуитет на вредностите и посебно: поврзано со неговиот карактер, Музејот на современата уметност да стане место на средба на уметнички остварувања од сите страни на светот, како желба на уметниците за зближување преку учество и натпревар во една благородна замисла. За ваков однос сведочат бројни писма, изјави и акции на самите дарители.*

*Соработката меѓу дарителите и Музејот натаму се одвива низ постојан контакт со меѓусебна преписка, размена на публикации, посети и договарања за прикажување творештвото на одделни уметници од Скопје и Југославија. При тоа, дарителите често се иницијатори и предлагаат мошне поволни услови за Музејот при таква соработка.*

*За да ги прикаже на најприкладен начин сите видови на поддршка и на соработка, покрај известувањата преку средствата за масовна комуникација Музејот подготви за таа цел повеќе публикации. Печатени се 2 броја на неговиот Билтен, на по еден странски јазик. Во нив беа одбележени, покрај останатото, сите подароци. Посебна публикација, во која беа повторно опфатени сите дарители со основни податоци за нив и за подарените дела, беше печатена на 2 странски јазици и со 370 репродукции по повод Средбата на солидарноста во 1965 година. Подарените дела, во вид на приказ на одделни поголеми колекции подароци се прикажани и во каталозите на неколку изложби приредени од Музејот. Подароците систематски се прикажувани и низ специјалното списание „Вашата помош на Скопје", што излегува после земјотресот на српско-хрватски и англиски јазик. Еден од броевите на ова списание со уводен текст за Музејот, со потполн список на дарителите и на подароците и со поголем број репродукции во светло-темно и во боја е скоро исцело посветен на оваа цел. Сиот овој материјал се доставува на дарителите и на бројни организации, установи и поединци во Југославија и надвор од неа.*

## Изложбите на Музејот

*Голем дел од својата досегашна активност Музејот ја има посветено на организирање на разновидни изложби. Треба да се одбележи дека оваа активност се одвива во мошне тешки услови, со оглед дека Музејот нема своја зграда и особено простории за излагање на поголеми изложби.*

*Заедно со изложбите поставени од Иницијативниот одбор, Музејот од есента 1963 год. до сега, има приредено во своја исклучива организација или во соработка со други установи 40 изложби.*

*Тие се распоредени на следниов начин:*

*Во Скопје:*

| | |
|---|---|
| *Самостојни изложби* | 14 |
| *Групни изложби* | 11 |

*Во соработка со други установи, во земјата( галерии и музеи):*

| | |
|---|---|
| *Самостојни изложби* | 2 |
| *Групни изложби* | 9 |

*Во соработка со други установи, во странство (галерии и музеи):*
*Во Рим, Торино, Нинберг и Штутгарт*

| | |
|---|---|
| *Самостојни изложби* | 1 |
| *Групни изложби* | 3 |

*Со оваа дејност опфатено е творештвото на низа истакнати ликовни уметници од Југославија и од некои странски земји. Отворањето на одделни изложби беше следено со рецитали на модерна поезија и соответни предавања. Со изложбите се прикажани скоро сите податоци добиени до сега. Треба да се одбележи дека само во текот на 2 години Музејот има организирано во соработка со странски институции неколку поединечни и групни изложби на македонски уметници во Италија и во СР Германија. Досегашниот одраз во печатот за сите овие изложби беше сосема задоволителен. Посебно треба да*

*се одбележи големата изложба на подарени дела што Музејот ја приреди на 26 јули 1965 година, во свечените сали на Собранието на СРМ, а по повод Средбата на солидарноста. Изложбата постигна висок ниво во целосноста на концепцијата, изборот и прикажувањето на делата, како и во естетското аранжирање на просторот за излагање. Оваа изложба беше посетена од голем број странски дипломатски претставници во земјата и странски туристи.*

**Други дејности на Музејот**

*Посебно внимание, како што веќе беше истакнато Музејот му посвети на соработката и со разни организации, поединци и со сродни установи во земјата и во странство. Во тој поглед постигнати се мошне добри резултати. Одлична соработка веќе е постигната со установите во земјата, какви што се: Музејот на современата уметност во Белград, Галеријата на современата уметност во Загреб, Модерната галерија во Љубљана, Галеријата на Матицата — Српска и Трибината на младите во Нови Сад и со сите музеи и галерии во СР Македонија. Од институциите во странство за истакнување е соработката со: Националниот музеј на Модерната уметност во Париз, Музејот на Модерната уметност на град Париз, Тејт-галери во Лондон, Музејот во Брадфорд, Галеријата Пенелопе од Рим, Националната галерија на модерната уметност во Рим, Галеријата Ботеро во Торино, Френкише галери во Нирнберг, Ермитаж во Ленинград, Народниот музеј во Варшава, неколку музеи во Северна и Јужна Америка итн.*

*Оваа соработка вклучува веќе размени на изложби, публикации и размена на искуства. Таа е еден од елементите со кои Музејот во Скопје успеа во краток рок да ги оформи основните белези на својата физиономија и карактерот на својата организација и дејност.*

*Големиот број врски со поединци истакнати личности од културниот и ликовниот живот во странство се посебно одржувани. Со нив се остварени разни зафати а особено натамошното растење на колекцијата, библиотеката и стручната документација на Музејот. Дел од странските соработници и пријатели на Музејот го имаат веќе посетено Скопје. Со помош на некои од нив ќе бидат остварени големи изложби, како што е на пример изложбата на неколку десетини одбрани слики од Мајскиот салон во Париз, што ќе бидат прикажани на 26 јули 1966 година.*

**Јавноста за дејноста на Музејот**

*Од основањето дејноста на Музејот е следена од печатот и другите средства за масовна комуникација. Покрај во домашниот, публикувани се и повеќе написи во странскиот печат. Искажувањата на нивните автори за физиономијата на Музејот и за неговата колекција се мошне позитивни (Комба, Ле летр франсез, од Париз; Ар, во Лондон; Њујорк Тајмс, во Њујорк итн.). Посебно се истакнува оправданоста за создавањето на оваа установа како надоврзување врз една постара ликовна традиција и како израз на интернационализмот на ставовите и на естетските концепции на основачот. Колекцијата е оценувана како мошне интересна и со веќе сериозни вредности содржани во неа. Статии за Музејот се објавени и во билтените на АИАП и на ИКОМ. Обете организации упатија повторен повик до своето членство за учество во формирањето на Музејот во Скопје.*

*За својата дејност во 1965 год., Музејот ја доби Ноемвриската награда на град Скопје.*

**Проектот на зградата за Музејот во Скопје**

*Полската влада, преку Сојузот на полските архитетки го организираше конкурсот за идеен проект за зградата на Музејот во Скопје. Овој уште еден израз на помош на Полска спрема Скопје даде мошне впечатливи резултати. На конкурсот беа поднесени 89 проекти. Жирито составено од истакнати стручњаци на полската архитектура го заклучи неодамна конкурсот доделувајќи 3 први награди и 7 откупи. Врз основа на идејниот проект, авторите ќе го изработат изведбениот проект за зградата на Музејот, чија изградба ќе започне во 1967 год. Оваа зграда ќе биде сместена на местото Кале и претставува според својата концепција израз на модерните принципи на музеологијата и ќе овозможи да се одвива комплексна, музејска дејност.*

*Борис Петковски*
*Директор на Музејот*
*на современата уметност — Скопје*

## *LE CARACTÈRE ET L'ACTIVITÉ DU MUSÉE D'ART CONTEMPORAIN DE SKOPJE*

*La fondation du Musée d'Art Contemporain de Skopje représente avec toutes ces caractèristiques fonadmentalles et essentielles une partie du grand appui et de la solidarité internationale, manifestés à Skopje après la catastrophe de juillet 1963.*

*Juste après cet événement tragique spontainement naquirent les désirs de certains artistes yougoslaves et étrangers d'exprimer leur solidarité et leur aide en offrant des oeuvres artistiques à la ville détrouite. À part de certaines manifèstations particulières de ce caractère ‚JANU, ULUH, „Vjesnik u srijedu" et le collectionneur Gerhard Ledić, ont organisé une action collective entre les artistes de la R. S. de Croatie, d'oú ont resulté plus de 100 dons même en automne 1963. Le plus grand don individuel d'après le nombre des oeuvres, reçues au cours de l'année de la catastrophe représent le don du célèbre artiste yougoslave Petar Lubarda.*

*En octobre 1963 avait lieu à New York le IV^e^ Congrés de AIAP (Association Internationale des Arts plastiques). Cette Association a pris la décison d'envoyer un appel à tous ses membres du monde entier ainsi qu'ils contribuent avec leurs oeuvres à la fondation d'une collection d' oeuvres artistiques et contemporaines à Skopje.*

*La ville de Skopje a compris ces efforts comme une base necéssaire, à la formation d'une institution qui protegera, représentera et utilisera le mieux que possible les valeurs artistiques données. Après quelques mois de travail d'un Comité d'Initiative, les possibilités pour la fondation sont analysées et un programme de principe était fait sur le caractère et le travail du Musée d'Art Contemporain de Skopje.*

*A la suggestion du Comité d'Iinitiative, l'Assemblée de la ville de Skopje fonda cette institution le 12 février 1964. Avec, cet acte de formation fut déterminé le fait que le Musée repésentât une institution qui travaillera sur le plan d'établissement d'une haute culture visuelle dans le milieu où elle agit. Puis, qu'elle insistera à suivre, à examiner et à représenter l'art contemporain yougoslave, ainsi que les beaux-arts et les arts appliqués mondials et, parallellement: d'établir, vue ses possibilités, une collection d'oeuvres choisises de ces régions de la création humaine.*

### L'activité du Musée depuis sa fondation

*Dans son activité jusqu'à présent le Musée d'Art Contemporain à Skopje faisait des efforts de se conformer complètement dans l'ésprit de sa naissance. L'institution faisait des soins particuliers en ce qui conscerne ses obligations vers le large public yougoslave et international, culturel et artistique, leguel a soutenu et a réalisé sa formation. En même temps, elle se conformait avec la situation, les besoins et les soins de la vie artistique de Skopje et de notre pays entier.*

*Un certain nombre d'activités que le Musée deployait dans la période passée, commencèrent déja avec l'activité du Comité d'Initiative. C'est ainsi qu'il arganisa ou prit part à l'organisation de quelques expositions des oeuvres offertes à Skopje, dans les autres villes du pays et à l'étranger. Des relations sont entretenues avec un grand nombre de donnateurs, dans le pays et en dehors ainsi qu'avec beaucoup d'organisations, d'institutions et de particuliers chez nous et à l'étranger.*

*Dans la période passée le Musée se consacra particulièrement à l'action de donation des oeuvres artistiques, L'élement essentiel dans ces efforts était la présentation d'une argumentation concernant la fondation du Musée. Il n'est pas le résultat d'une action charitable, mais l'expression des désirs et des besoins du public artistique yougoslave et étranger de contribuer à la reconstruction culturelle et artistique de Skopje.*

*Le Musée informa l'AIAP et tous les comités nationaux sur la manière et le caractére de sa fondation et les caractéristiques de son action. Il en avertit directement plusieurs centaines d'artistes eminents du monde entier. On proceda de la même manière avec un grand nombre d'institutions samblables dans le pays et à l'étranger. Des contactes directs et indirects s'entretiennent à part d'AIAP avec ICOM (Comité Internationale des Musées) et avec un grand nombre d'organisations nationalles des artistes.*

*Le Musée de Skopje a obtenu des résultats sèrieux, grâce à ces contacts et la collaboration qui en provint.*

*Sa collection de dons contient presque 1.200 oeuvres de 28 pays européens et d'autres. À part la collection yougoslave les plus grandes*

*sont celles de l'Italie, France, Pologne, Tchécoslovaquie, Hongrie, USA et R. F. Allemagne. Certains très célèbres artistes mondiales y sont represèntés. Cette action s'entretient continuellement. Les artistes — donnateurs ne la traite pas seulement comme un acte humain: selon leurs déclarations ils voient en elle la réalisation de l'idée d'aboutir à une continuité des valeurs dans un milieu d'une riche tradition variée, culturelle et artistique et dans une ville qui cherche à devenir le centre moderne et artistique, et particulièrement, ce qui est dans son carastère, que le Musée d'Art Contemporain devient le lieu de rencontre des réalisations artistiques du monde entier — désir des artistes d'approchement par la participation et le concours dans une noble idée. Il en temoignent les nombreuses lettres, déclarations et actions des artistes eux-mêmes.*

*La collaboration du Musée avec ces derniers s'entretient à l'entremise du contact continuel, la correspondance reciproque, l'échange des publications, les visites et les entretiens sur la présentation de l'oeuvre de certains artistes à Skopje et en Yougoslavie. Les donnateurs y sont très souvent des initiateurs et proposent au Musée des conditions très favorables dans cette collaboration.*

*Pour qu'il, représente à la plus convenable manière toutes les sortes d'entretiens et de collaborations le Musée en a preparé plusieurs publications à part les informations des moyens de communication de masses. On a publié deux numeros du Bulletin dans une langue étrandère. Entre autre, on y avait noté tous les dons. Une publication à part était publiée dans deux langues étrangères avec 370 reproductions, en occasion de „La rencontre de Solidarité 1965" englobant de nouveau tous les donnateurs, les données principales qui les conscernent et leurs oeuvres. Les oeuvres offertes sont representées aussi dans les catalogues des autres expositions que le Musée a preparées. Les dons sont sisthèmatiquement representés dans la revue spéciale „Votre aide à Skopje" qui parait après le tremblement de terre, en anglais et en serbo-croate. Un de numeros de cette revue était presque complètement consacré, y compris la préface au Musée, la liste complète des donnateurs, leurs dons et un grand nombre de reproductions en noir et blanc et en couleurs. Tous cela est remis aux donnateurs ainsi qu'à de nombreuses organisations, institutions et particuliers en Yougoslavie et à l' étranger.*

**Les expositions du Musée**

*L'organisation des expositions differentes fait une grande partie de l'activité du Musée jusqu'à présent. Il faut souligner que cette activité sentretient dans des conditions difficiles ,vue le fait que le Musée n'a ni l'édifice ni des salles pour les expositions plus grandes.*

*Avec les expositions organisées par le Comité d'Initiative, le Musée a preparé à partir de l'automne 1963 jusqu'aujourd'hui 40 expositions, organisées par lui même ou en collaboration avec les autres institutions.*

*Les expositions sont organisées à la manière suivante:*

*À Skopje:*

| | |
|---|---|
| *Expositions individuelles* | *14* |
| *Expositions collectives* | *11* |

*En collaboration avec les autres institutions dans le pays (galèries et musées):*

| | |
|---|---|
| *Expositions individuelles* | *1* |
| *Expositions collectives* | *9* |

*En collaboration avec les autres institutions à l'étranger (galèries et musées) à Rome, Turin, Nuremberg, Stuttgart:*

| | |
|---|---|
| *Expositions individuelles* | *2* |
| *Expositions collectives* | *9* |

*Cette activité embrasse l'activité de nombreux artistes eminents de la Yougoslavie et de l'étranger. Des récitales de la poésie moderne et des conférences correspondantes suivaient le vernissige de certaines expositions. Presque tous les dons reçus jusqu'à présent sont présentés aux expositions. Il faut souligner que le Musée a organisé plusieurs expositions collectives et individuelles au cours de deux dernières années, en collaboration des institutions étrangères. Le réflet de toutes ces expositions jusqu'à présent dans la prese était tout à fait satisfaisant. Particulièrement, il faut mentionner la grande exposition des oeuvres données*

*organisée le 26 juillet 1963 par le Musée dans le cadre de „La rencontre de Solidarité". L'exposition a atteint un haut niveau dans l'ensemble de la conception, du choix et de la représentation des oeuvres, ainsi que dans l'arrangement esthétique des salles d'exposition. L'exposition était visitée par un grand nombre de représentants diplomathiques dans le pays, ainsi que par des touristes étrangers.*

### Les autres activités du Musée

*Comme il en était dit le Musée attribua une attention particulière à la collaboration avec les organisations differentes, les particuliers et les institutions semblables dans le pays et à l'étranger. Dans ce sens sont obtenus de trés bons résultats. Une collaboration excellente est déjà réalisée avec les institutions dans le pays, comme par exemple. Musée d'art contemporain de Belgrade, Galèrie d'art contemporain de Zagreb, Galèrie Moderne de Ljubljana, Galèrie de Matica Srpska et la Tribine des jeunes de Novi Sad, et avec tous les* musées *et galèries en Macédoine. Avec les institutions étrangères marquons la collaboration du Musée National d'Art Moderne de Paris, le Musée d'Art Moderne de Paris, Tate galèrie de Londres, le Musée de Bratford, Galèrie Penelope de Rome, Galèrie Nationale d'Art Moderne de Rome, Galèrie Botero de Turin, Frankiche galèrie de Nuremberg, Eremitage de Leningrad, le Musée National de Varsovie et quelques musées en Amérique du Sud et du Nord etc.*

*Cette collaboration contient des echanges des expositions et experiences, et des publications. A l'aide d'une de ces élements le Musée de Skopje a reussi de former dans une courte pèriode les caractèristiques de sa phisionomie, ainsi que le caractère des son organisation et de son activité. On entretennait un grand nombre de relations avec cerains personnages eminents de la vie culturelle et artistique à l'étranger. Des differentes entremises sont realisées avec eux, surtout: l'augmentation continuelle de la collection, de la bibliothèque et de la documentation spécialisée du Musée. Une partie de collaborateurs et des amis étrangers du Musée ont déja visité Skopje. Beaucoup de grandes expositions sont realisées à leur aide comme c'est le cas de l'exposition de quelques dizaines de peintures choisies du „Salon de Mai" de Paris, qui seront représentées le 26 juillet 1966 .*

### Le public pour l'activité du Musée

*Dès sa fondation l'activitè du Musée était suivi de la presse et des autres moyens de communication. Plusieurs articles sont publiées dans la presse étrangère à part celle de la Yougoslavie. Les déclarations de leurs auteurs au sujet de la phisionomie du Musée et da sa collection sont très positives (Comba, Les Lettres françaises, de Paris; Arts Rewiew de Londres; New York Times, de New York etc.). Particulièrement est soulignée la Legitimité de la fondation de cette institution, celle-ci représentant la continuation de l'ancienne tradition artistique et de l'expression de l'internationalisme des attitudes et des conceptions esthètiques du fondateur. La collection est jugée de très intéressante, contenant déjà des valeurs serieuses. Les articles sur le Musée sont publiées dans les bulletins d'AIAP et d'ICOM. Ces deux organisations ont renouvelé des appels à ses membres pour leur participation dans la foramtion du Musée de Skopje.*

*Le Musée obtint le Prix de Novembre de la ville de Skopje pour son activité en 1965.*

### Projet pour l'édifice du Musée à Skopje

*Le Gouvernement polonais organisa, à l'entremise de l'Alliance des architectes polonais, le concours pour le projet du Musée de Skopje. Cette nouvelle expression de l'aide et de la solidarité de Pologne à Skopje a donné des résultats impressionnants. 89 projets étaient proposés au concours. Le jury, composé de spécialistes eminents de l'architecture polonais a recemment terminé le concours en designant 3 premiers prix et 7 prix d'achat. À la base du projet primé les auteurs vont elaborer le projet de construction pour l'édifice du Musée dont la construction commencera en 1967. Cet édifice sera construit sur la colline dite „Cale"; d'après sa conception il représentera l'expression des principes modernes de la muséologie, celle-ci permettant une complexe activité muséologique.*

*Boris Petkovski*
*Directeur du Musée d'Art*
*Contemporain de Skopje*

# АВСТРАЛИЈА
# AUSTRALIE

**Чарлс ЛОЈД**

Роден во Сиднеј (Австралија) 1935. Уметнички студии во Уметничката школа Julian Ashton во Сиднеј и во Париз во Ателјето 17. Студиски патувања: Индија, Цејлон, Пакистан, Иран, Турција, Грција, Италија. Групни изложби: учествувал на повеќе изложби на современата уметност во Австралија и Европа: Париз, Лондон, VI графичко биенале во Љубљана 1965. Добитник на прва награда за сликарство 1951.

**Charles LLOYD**

Né à Sydney (Australie) 1935. Études artistiques à l'École d'art Julian Ashton de Sydney et de Paris à l'Atelier 17. Voyages d'études: Inde, Ceylan, Pakistan, Iran, Turque, Grèce, Italie. Expositions collectives: participa à plusieurs expositions de l'art contemporain en Australie et en Europe: Paris, Londres, VI[e] Biennale de gravure à Ljubljana 1965. Obtint le premier prix pour la peinture 1951.

Adresse: 24 a, Campden Hill Gardens, London W 8, Grande — Bretagne.

1. Споменици IV, акватинта во боја, О. А., 20 × 14, 1965.
   Monuments IV, aquatinte en couleurs, E. A. 20 × 14, 1965.
2. Графика I, акватинта во боја, 20/20, 12 × 24, 1964.
   Gravure I, aquatinte en couleurs 20/20, 12 × 24, 1964.
3. Графика II, комбинирана техника, 17/20, 25 × 25, 1965.
   Gravure II, technique combinée, 17/20, 25 × 25, 1965.



2

**Фелисити МАРШАЛ**

Родена во Мелбурн (Австралија) 1934. Студирала уметност во Кралскиот технолошки институт во Мелбурн. Во Париз студирала сликарство на Академијата Андре Лот, на Школата за декоративна уметност, а графика во Ателјето 17 кај С. В. Хајтер. Групни изложби: Париз, Токио, Канада, Њујорк, Мелбурн, VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1965. Нејзините дела се наоѓаат во музеите на Мелбурн, Сиднеј, Париз, Лондон.

**Felicity MARSHALL**

Née à Melbourne (Australie) 1934. Études d'art au Royal Melbourne Institute of Technology. À Paris elle étudia la peinture à l'Académie Àndré Lhote, à l'École des Arts décoratifs, et la gravure à l'Atelier 17 chez S. W. Hayter. Expositions collectives: Paris, Tokyo, Canada, New York, Melbourne, VI[e] Biennale Internationale de gravure à Ljubljana 1965. Ses oeuvres se trouvent dans les musées de Melbourne, Sydney, Paris et Londres.

Adresse: 201, Rue d' Alésia, Paris XIV[e], France.

4. Графика № 1, акватинта, О. А., 29 × 38, 1964.
   Gravure № 1, aquatinte, E. A. 29 × 38, 1964.
5. Графика № 2, акватинта, О. А., 39 × 29, 1964.
   Gravure № 2, aquatinte, E. A. 39 × 29, 1964.

5





6

10



# АВСТРИЈА
# AUTRICHE

**Роберт ДОКСАТ**

Роден во Волфпасинг (Австрија) 1930. Студирал историја и етнологија на Универзитетот во Виена, доктор по филозофија станал 1955. 5 години студирал на Школата за ликовна уметност. Самостојни изложби: Виена 1959. Групни изложби: учествувал на повеќе изложби на современата уметност во Виена и во други културни центри во Австрија, Италија, Југославија (VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1965). Награда за графика од австриската држава 1961.

**Robert DOXAT**

Né à Wolfpassing (Autriche) 1930. Étudia l'histoire et l'etnologie à l'Université de Vienne. Doctorat en philosophie en 1955. Cinq ans d'études à l'École des Beaux-Arts. Expositions individuelles: Vienne 1959. Expositions collectives: participe à plusieurs expositions de l'art contemporain à Vienne et d'autres centres culturels en Autriche, Italie, Yougoslavie, VI[e] Biennale Internationale de gravure à Ljubljana 1965. Prix d'État Autrichien pour la gravure en 1961.
Adresse: Herminengasse 10/12, Wien II, Autriche.

6. Боженствена фамилија, бакрорез, 16 × 20, 1960/61.
   La famille divine, gravure sur cuivre, 16 × 20, 1960/1961.
7. Глава, бакрорез, 17 × 22, 1962.
   Tête, gravure sur cuivre, 17 × 22, 1962.
8. Лутањето на кралот Бимбисара, бакрорез, 28 × 22, 1960/61.
   Le vagabondage du roi Bimbissara, gravure sur cuivre, 28 × 22, 1960/61.
9. Симнување од планина, бакрорез, 16 × 54, 1961.
   Descente de la montagne, gravure sur cuivre 16 × 54, 1961.

**Алфред ХРДЛИЧКА**

Роден во Виена (Австрија) 1928. Студирал на Академијата за ликовни уметности во Виена од 1946 до 1953. Самостојни изложби: I изложба на графики, слики и скулптури во Виена 1960. Групни изложби: Сецесија во Виена, Париз, изложба на отварањето на Музејот на XX век во Виена 1962, Салцбург 1963, Биеналето во Венеција 1964, Рим и Минхен 1965, V и VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1963, 1965. Добитник на почесна награда на градот Виена 1961, Откупна награда на Меѓународното графичко биенале во Љубљана, 1963, една награда во Лугано (Бјанко е неро) 1964, награда за графика на градот Виена 1964.

**Alfred HRDLICKA**

Né à Vienne (Autriche) 1928. Études à l'Académie des Beaux-Arts de Vienne de 1946—1953. Expositions individuelles: première exposition des gravures, peintures et sculptures à Vienne 1960. Expositions collectives: Sécession à Vienne; Paris; l' exposition d' inauguration du Musée du XXe siècle à Vienne en 1962; Salzburg 1963; Biennale de Venise 1964; Rome et Munich 1965;

Ve et VIe Biennale Internationale de gravure a Ljubljana 1963, 1965. Obtint le prix d'honneur de la ville de Vienne 1961; un prix d'achat à la Biennale de gravure à Ljubljana 1963; un prix à Luganc (Bianco et nero) 1964, le prix de gravure de la ville de Vienne 1964. Adresse: Kirchengasse 48, Wien VII, Autriche.

10. Композиција, бакропис, 16/30, 35 × 40, 1963.
Composition, eau-forte, 16/30, 35 × 40, 1963.

## АНГЛИЈА
## ANGLETERRE

**Џемс БОСВЕЛ**

Роден во Вестпорт (Нова Зеландија) 1906. Самостојни изложби: Лондон 1944, 1948, 1957, 1962, 1964. Групни изложби: Лондон, 1920, 1950; Изложба на меѓународното друштво на уметниците, 1930; изложба на Кралската академија, Лондон 1950; Ливерпул 1959; Биенале на апстрактната уметност на Источниот и Јужниот Комонвелт.

**James BOSWELL**

Né à Vestport (Nouvelle Zélande) 1906. Expositions individuelles: Londres 1944, 1948, 1957, 1962, 1964. Expositions collectives: Londres 1920, 1950; exposition de la Societé Internationale des artistes 1930; exposition de l'Académie Royale, Londres 1950; Liverpool 1959; Biennale de l'art abstrait de Commonwealth d'Est et du Sud.

Adresse: 7 Dembroke Avenue Hove 3 Sussex, Grande Bretagne.

11. Благи времиња, масло, 114 × 114, 1963.
Сигнирано: д. десно
Les temps doux, huile, 114 × 114, 1963.
Signé en bas droit.

**Жак ШАРУ**

Роден на остров Маурициус, 1940. Живее во Лондон. Студирал сликарство и графика на Централната школа за уметност во Лондон. Сега усовршува графика на Националната висока школа за архитектура и декоративни уметности во Брисел. Самостојни изложби: Остров Маурициус 1959, Реунион 1960, изложба на графики во Националниот театар во Брисел 1965, изложба на слики и графики во Данска 1965. Групни изложби: Лондон, 1962, 1964; VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1965.

**Jac CHAROUX**

Né dans l'île Maurice 1940. Habite Londres. Études de peinture et de gravure à l'École Centrale des Arts à Londres. Se perfectionne maintenant en gravure à l'École Nationale Supérieure d'Architecture et des Arts Décoratifs de Bruxelles. Expositions individuelles: Île Maurice 1959, Réunion 1960; exposition des gravures dans le théâtre Nationale à Bruxelles 1965; exposition



11

13





14

15



des peintures et des gravures en Danemark 1965. Expositions collectives: Londres 1962, 1964; VIe Biennale Internationale de gravure à Ljubljana 1965.
Adresse: c/o Currels, The cottage Midland terrace, Victoria road, London N. W. 10, Grande Bretagne.

12. Розета, бакропис, 49 × 52, 1965.
    Rosette, eau-forte, 49 × 52, 1965.
13. Црно писмо, бакропис, 49 × 57,5, 1964.
    La lettre noire, eau-forte 49 × 57,5, 1964.

**Рут ФРАНКЕН**

Родена во Прага (Чехословачка) 1924. 1936 доаѓа во Париз и Англија. Студирала сликарство на Школата Артур Сегал во Оксфорд. Ги продолжува уметничките студии во САД како стипендиска на Друштвото Форд. Самостојни изложби: Галерија Кавалино, Венеција 1952; Галерија Стадлер, Париз 1956, Галерија Парнас, Вупертал 1959; Галерија Дријан Лондон 1961; Диселдорф 1962; Вашингтон 1964; Галерија Бухолц, Минхен 1965. Групни изложби: Биеналето во Венеција, Мајски салон, Осака, Рим, Милано, Диселдорф, Питсбург. Нејзини дела се наоѓаат во повеќе приватни колекции: Париз, Лондон, Њујорк, Брисел, Женева, Стокхолм, Келн, Милано.

**Ruth FRANCKEN**

Née à Prague (Thécoslovaquie) 1924. 1936 arriva à Paris et en Angleterre. Études de peintures à l'École d'Arthur Segal d'Oxword. Continnua ses études artistiques en U. S. A., comme boursière de la Fondation Ford. Expositions individuelles: Galleria Cavalino, Venise 1952; Galèrie Sthadler, Paris 1956; Galèrie Parnasse, Wuppertal 1959; Galèrie Drian, Londres 1961; Düsseldorf 1962; Washington 1964; Galèrie Buholc, Munich 1965. Expositions collectives: Biennale à Venise; Salon de Mai, Paris; Osaka, Rome, Milan, Düsseldorf, Pittsburgh. Ses oeuvres figurent dans plusieurs collections privées: Paris, Londres, New York, Bruxelles, Génève, Stocholm, Cologne, Milan.

14. Gala d'or, гваш, 28 × 31,5, 1963.
    Gala d'or, gouache, 28 × 31,5, 1963.

**Сали МкЛАРЕН**

Родена во Лондон (Англија) 1936. Студирала сликарство на Школата за ликовни уметности на Универзитетот во Оксфорд, 1956—1959, графика на Централната школа за уметност во Лондон 1959—1962 и во Ателјето 17 во Париз 1962/1963. Професор по графика на Голдмитс Скул оф Арт во Лондон од 1964. Учествувала на повеќе изложби во Англија и Париз; VI меѓународно графичко биенале во Љубљана, 1965.

**Sally McLAREN**

Née à Londres (Angleterre) 1936. Étudia la peinture à l'École des Beaux-Arts de l'Université d'Oxford 1956—1959, la gravure à la Central School of Art de Londres 1959—1962 et à l'Atelier 17 à Paris 1962/63. Professeur

de gravure à Goldsmith's School of Art à Londres depuis 1964. Participa à plusieurs expositions en Angleterre et à Paris, VI[e] Biennale Internationale de gravure à Ljubljana 1965.
Adresse: 24 B, Avenue RD, Highgate, London N. 6, Grande — Bretagne.

15. Стената Кревис, бакропис, 46 × 60, 1965.
Le rocher Crevisse, eau-forte, 46 × 69, 1965.

**Хари ОЗЕЈ**
Роден во Англија 1915. Студирал уметност и архитектура во Лондон. Самостојни изложби: Галерија Линколн, Лондон 1963; Галерија Дриан, Лондон 1964; Галерија Меркури, Лондон 1965, Австралија. Групни изложби: од 1938 до денеска учествувал на повеќе изложби на модерната уметност во Лондон, Брадфорд, Единбург.

**Harry OUSEY**
Né en Angleterre 1915. Études d'art et d'architecture à Londres. Expositions individuelles: Lincoln Galèrie, Londres 1963; Drian Galèrie Londres 1964; Mercury Galèrie, Londres 1965; Australie. Expositions collectives: à partir de 1938 jusqu'aujourd'hui participa à plusieurs expositions de l'art moderne à Londres, Bradford, Edinbourg etc.
Adresse: 2. Chamberlain street, Londres N. W. Grande — Bretagne.

16. Композиција, акварел-гваш-туш, 42 × 51, 1964.
Composition, aquarelle-gouache-encre de Chine, 42 × 51. 1964.
17. Композиција, акварел-гваш-туш, 51 × 40,
Composition, aquarelle-gouache-encre de Chine, 51 × 40.

**Ахмед ПАРВЕС**
**Ahmed PARVEZ**

18. К-67, акварел, 18 × 30, 1962.
K-67, aquarelle, 18 × 30, 1962.

**Тони ШИЛС**
**Tony SHIELS**

19. Композиција, темпера, 22 × 29, 1960.
Composition, détrémpe 22 × 29, 1960.

**Јоел ШВАРЦ**
Роден 1935. Од 1959 учествувал на повеќе изложби на современата уметност во Англија и странство: повеќе пати во Лондон, меѓу кои: Галерија Њу Вижн Сентр — 1963—1965: Биенале во Венеција 1962; Тел Авив; Амстердам; САД итн.

**Yoel SCHWARZ**
Né 1935. À partir de 1959 participa à plusieurs expositions de l'art contemporain en Angleterre et à l'étranger: plusieurs fois à Londres entre lesquelles: galèrie New Vision Centre — 1963, 1965; Biennale de Venise 1962; Tel-Aviv, Amsterdam, USA etc.

20. После победата, комбинирана техника, 113 × 172, 1963.
Сигнирано на позадината.
Après la victoire, technique combinée, 113 × 172, 1963.
Signé au revers.



16

18





19

20



**Агата СОРЕЛ**
Родена во Будимпешта (Унгарија) 1935. Сега живее во Лондон, каде има приватно графичко атеље и предава на графичката школа Камбервел и во Меитстон Колеџ оф Арт. Студирала сликарство и графика во различни академии во Унгарија, Англија, Франција и кај С. В. Хајтер во Париз. Самостојни изложби: Лондон 1965 и др. Групни изложби: Салон Реалите Нувел, Париз; Холандија, Њујорк, Цирих, Вашингтон, Амстердам, Копенхаген, Хонг-Конг, повеќе пати во Лондон, V и VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1963—1965.

**Agatha SOREL**
Née à Budapest (Hongrie) 1953. Vit actuellement à Londres, où elle a son propre atelier de gravure et enseigne à la Camberwell School of Arts Grafts et au Maidstone Colege of Art. Étudia la peinture et la gravure aux diverses académies en Hongrie, Angleterre, France, et chez S. W. Hayter à Paris. Expositions individuelles: Londres 1965 et d'autres. Expositions collectives: Salon des Réalités Nouvelles, Paris; Pays Bas, New York, Zurich, Washington, Amsterdam, Copenhague, Hong-Kong, plusieurs fois à Londres, V^e et VI^e Biennale Internationale de gravure à Ljubljana 1963, 1965.
Adresse: 14 Irene Rd, London S. W. 6, Grande — Bretagne.

21. Балкон I, бакрорез, 48 × 40, 1964.
Balcon I, gravure sur cuivre, 48 × 40, 1964
22. Генерал II, бакрорез и акватинта, 48 × 41, 1964.
Général II, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 41, 1964.
23. Осуда III, бакрорез и акватинта, 48 × 40, 1964.
Condamnation III, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 40, 1964.
24. Шантал IV, бакрорез и акватинта, 48 × 40, 1964.
Chantal IV, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 40, 1964.
25. Дама V, бакрорез и акватинта, 48 × 40, 1964.
Dame V, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 40, 1964
26. Епископ VI, бакрорез и акватинта, 48 × 40, 1964.
Archevêque VI, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 40, 1964.
27. Говорник и народ VII, бакрорез и акватинта, 48 ×41, 1964.
Orateur et peuple VII, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 41, 1964.
28. Кралица VIII, бакрорез и акватинта, 49 × 40, 1964.
Reine VIII, gravure sur cuivre et aquatinte, 49 × 40, 1964.
29. Мавзолејот на шефот на полицијата, IX, бакрорез и акватинта, 48 × 40, 1964.
Mausolée du chef de police IX, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 40, 1964.
30. Секојдневна реалност X, бакрорез и акватинта, 48 × 41, 1964.
Réalité qoutidienne X, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 41, 1964.
31. Огин, XI, бакрорез и акватинта, 48 × 40, 1964.
Feu XI, gravure sur cuivre et aquatinte, 48 × 40, 1964.

**Шеин ВЕАР**
Роден 1938 во Англија. Студирал на Кралскиот колеџ за уметност во Лондон и на Универзитетот во Ајова, САД, каде бил асистент за графика. Сега предава графика на Централната уметничка графичка школа во Лондон. Групни изложби: учествувал на бројни изложби во Лондон и САД. Добитник е на наградата за графика на изложбата Young contemporaries во Лондон, 1962.



**Shane WEARE**

Né en Angleterre 1936. Étudia au Collège Royale d'art à Londres et à l'Université de Iowa (USA), où il a été assistent de gravure. Actuellement enseigne la gravure à Central School of Arts and Grafts à Londres. Expositions collectives: participa à de nombreuses expositions à Londres et aux États-Unis. Obtint le prix pour gravure à l'exposition Young contemporaries à Londres 1962.

Adresse: 2, Grescent Mansions, Exgin Crescent, Londres, W. 11, Grande — Bretagne.

32. Врата од слонова коска, бакропис, О. А., 51 × 49,5, 1966.
Porte d'ivoire, eau-forte, E. A. 51 × 49,5, 1966.

# АРГЕНТИНА
# ARGENTINE

**Ангелика КАПОРАСО**

Родена во Буенос Аирес (Аргентина) 1928. Студирала сликарство, цртеж и скулптура во Буенос Аирес. Од 1961 живее во Париз и работи во Ателјето 17 кај С. В. Хајтер. Самостојни изложби: Буенос Аирес 1960; Брисел 1966; Групни изложби: Национален Салон на ликовна уметност Кордоба и Мендоза и повеќе изложби на современата уметност во Париз и Буенос Аирес; VI меѓународно графичко биенале во Љубљана, 1965; Краков 1966; Прага 1965.

**Angelica CAPORASO**

Née à Buenos Aires (Argentine) 1928. Études de peinture, dessin et sculpture à Buenos Aires, À partir de 1961 habite Paris et travaille dans l'Atelier 17 chez S. W. Hayter. Expositions individuelles: Buenos Aires 1960; Bruxelles 1966. Expositiois collectives: Salon National des Beaux — Arts Cordoba et Mendoza et à plusieurs expositions de l'art contemporain à Paris et à Buenos Aires, VI[e] Biennale Internationale de gravure — Ljubljana 1965, Cracovie 1966, Prague 1965.

Adresse: 49 rue de Naples, Paris VIII[e] France.

33. Цвеќе, бакропис во боја, 1/20, 27,5 × 37, 1965.
Fleur, eau-forte en couleurs, 1/20, 27,5 × 37, 1965.

**Лилиан ГОМЕЗ МОЛИНА**

Родена во Кордоба (Аргентина) 1928. Студирала сликарство и цртеж на Академијата за ликовна уметност во Кордоба. Студирала и музика и јазици. Живее, работи и предава во Кордоба. Професор за ликовна уметност во Кордоба. Самостојни изложби: Вашингтон 1965, Буенос Аирес 1962—1965; Кордоба 1952, 1961—1964; Санта Фе 1963; Мендоза 1955. Групни изложби: VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1965; IV меѓународно графичко биенале во Токио, Осака, 1964/1965; Сантјаго де Чиле 1964; Токио 1961, Њу Делхи 1961; Буенос Аирес, 1962; Кордоба 1960. Добитник е на повеќе награди и призна-



23

32





33

нија: почесно признание за графика, Буенос-Аирес 1947; почесно признание за цртеж, Кордоба, 1960; награда Вормс, Санта Фе 1964; Ш награда за цртеж, Круз дел Еје 1960; почесно признание за цртеж, Кордоба 1944; П награда Брак за графика, Буенос Аирес 1964.

**Lilian GOMEZ MOLINA**

Née à Cordoba (Argentine), 1928. Étudia la peinture et le dessin à l'Académie des Beaux-Arts de Cordoba. Études de musique et des langues. Vit, travaille et enseigne à Cordoba. Professeur des beaux-arts à Cordoba. Expositions individuelles: Washington 1965; Buenos Aires 1962—1965; Cordoba 1952, 1961—1964; Santa Fe 1963; Mendoza 1955; Expositions collectives: VI<sup>e</sup> Biennale Internationale de gravure à Ljubljana 1965; IV<sup>e</sup> Bienale Internationale de gravure, Tokyo, Osaka 1964/65; Santijago de Chili 1964; Tokyo 1961; New Delhi 1961; Buenos Aires 1962; Cordoba 1960. Obtint plusieurs prix et mentions d'honneur: mention d'honneur pour gravure, Buenos Aires 1947; mention d'honneur pour dessin, Cordoba 1960; Prix Worms, Santa Fe 1964; III<sup>e</sup> prix de dessin, Cruz del Eje 1960; mention d'honneur pour dessin, Cordoba 1944; II<sup>e</sup> Prix Braque de gravure, Buenos Aires 1964.

Adresse: Luis Ignacio Vélez 169, Cordoba, Argentine.

34. Ехо, графика на метал, 1/50, 66 × 14,5, 1965.
Eccho, gravure sur métal, 1/50, 66 × 14,5, 1965.

35. Хармонични вибрации (диптих), бакропис во боја, 1/10, 42 × 14, и 21,5 × 14, 1965.
Vibrations harmoniques (Diptyque), eau-forte en couleurs, 1/10, 42 × 14, et 21,5 × 14, 1965.



34

**Кармен ГРАЦИА**

Родена во Мендоза (Аргентина). Студирала сликарство и скулптура на Школата за ликовна уметност во Мендоза. Од 1961 живее во Париз и работи во Ателјето 17 кај С. В. Хајтер. Самостојни изложби: Институтот за современа уметност, Лондон, 1964; Галерија Звемер, Лондон 1965; Графичка галерија, Лисабон 1965; Галерија Мундус, Мадера, 1966. Групни изложби: излагала со Хајтер и Ателјето 17 во Осло, Токио, Париз, Копенхаген, Хелсинки, Лондон, Канада, Венецуела, Мелбурн, V и VI меѓународно биенале во Љубљана 1963—1965.

**Carmen GRACIA**

Née à Mendoza (Argentine). Études de peinture et sculpture à l'École des Beaux-Arts de Mendoza. Á parir de 1961 habite Paris et travaille dans l'Atelier 17 chez S. W. Hayter. Expositions individuelles: Institut de l'art contemporain, Londres 1964; Zwemmer Galèrie, Londres 1965; Galèrie de gravure, Lisbonne 1965; Galèrie Mundus, Madéira 1966. Expositions collectives: exposa avec Hayter et l'Atelier 17 à Oslo, Tokyo, Paris, Copenhague, Helsinki, Londres, Canada, Venezuela, Melburne, V<sup>e</sup> et VI<sup>e</sup> Biennale Internationale de gravure, Ljubljana 1963, 1965.

Adresse: Avellaneda 379, Mendoza, Argentine.

36



36. Господ, акватинта во боја, 3/20, 53,5 × 31, 1964.
Dieu, aquatinte en couleurs, 3/20, 53,5 × 31, 1964.

**Мабел РУБЛИ**

Родена во Буенос Аирес, (Аргентина) 1933. Студирала на Школата за ликовна уметност. Од 1959 живее во Париз и работи во Ателјето на Фридлендер, а покасно во Ателјето 17 кај С. В. Хајтер. Самостојни изложби: Аргентина, 1956, 1958; Перу 1959; Цирих 1960; Париз 1962; Ница 1964; Буенос Аирес 1964, 1965; Цирих 1965. Групни изложби: Биеналето во Сао Паоло, 1957; Биеналето во Париз 1959; Бјанко е неро во Лугано 1962; Ш биенале во Токио 1962 итн. Добитник на различни национални награди, а во 1964 ја добила наградата Жорж Брак.

**Mabel RUBLI**

Née à Buenos Aires (Argentine) 1933. Études à l'École des Beaux-Arts. À partir de 1959 habite Paris et travaille à l'atelier de Friedlaender, plus tard à l'atelier 17 chez S. W. Hayter. Expositions individuelles: Argentine 1956—1958; Pérou 1959; Zürich 1960; Paris 1962; Nice 1964; Buenos Aires 1964, 1965; Zürich 1965. Expositiois collectives: Biennale de Sao Paolo 1957; Biennale de Paris 1959; Bianco e nero (Lugano) 1962; III[e] Biennale à Tokyo 1962, etc. Obtint divers prix nationaux: En 1964; Pdix Georges Braque.

Adresse: Bulnes 517, Buenos Aires, Argentine.

37. № 1, бакрорез, 3/10, 29,5 × 32, 1960.
    № 1, gravure sur cuivre, 3/10, 29,5 × 32, 1960.
38. № 2, бакрорез во боја, 4/17, 24 × 24,5, 1962.
    № 2, gravure sur cuivre en couleurs, 4/17, 24 × 24,5, 1962.
39. № 3, бакрорез, 3/17, 24 × 49, 1962.
    № 3, gravure sur cuivre, 3/17, 24 × 49, 1962.
40. № 4, бакрорез, 1/17, 24,5 × 49, 1962.
    № 4, gravure sur cuivre, 1/17, 24,5 × 49, 1962.

## БЕЛГИЈА
## BELGIQUE

**Габриел БЕЛЖОН**

Роден во Жерпин (Белгија) 1935. Студирал на Академијата за ликовни уметности во градот Монс (сликарство, цртеж). Престојувал во Ателјето на графичарот Маршул Гистав. Самостојни изложби: Галерија Расин, Брисел 1963. Групни изложби: од 1959 учествувал на повеќе изложби на современата уметност во Остенде, Брисел, Шарлроа, Монс, VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1965 итн. Добитник на 3 национални награди.

**Gabriel BELGEONNE**

Né à Gerpinnes (Belgique) 1935. Études à l'Académie des Beaux-Arts de la Ville de Mons (peinture, dessin). Séjour à l'atelier du graveur Marchoul Gustave. Expositions individuelles: Galèrie Racines, Bruxelles 1963. Expositions collectives: à partir de 1959 participa à plusieurs expositions de l'art contemporain: Ostende,



37



43



45

47



Bruxelles, Charleroi, Mons, VI^e Biennale Iiternationale de gravure à Ljubljana 1965 etc. Obtint trois prix nationaux.
Adresse: 42 Hymiee, Gerpinnes (H), Belgique.

41. Црн знак, акватинта, 5/15, 37,5 × 49, 1964.
Signe noir, aquatinte, 5/15, 37,5 × 49, 1964.
42. Јадро, акватинта во боја, 4/15, 39 × 49, 1964.
Noyau, aquatinte en couleurs, 4/15, 39 × 49, 1964.
43. Песоци, акватинта, 3/15, 36 × 49, 1964.
Galets, aquatinte, 3/15, 36 × 49, 1964.

**Марк ЛАФИНЕР**

